**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ**
02 Су.бр.23/19
07.03.2019 година
Скопје

Врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18 и 198/18), како и врз основа на член 112 и член 113 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" број 66/13 и 114/14), Претседателот на Основен суд Скопје II - Скопје, по претходно прибавено мислење од седницата на судиите, на 07.03.2019 година донесе:

## ГОДИШЕН РАСПОРЕД

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

**I.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2019 година, 02.Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", во точка 1, се брише алинеја 6.

Алинеите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37 и 38 стануваат алинеи 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37.

**II.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2019 година, 02.Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", во точка 2, зборовите „Олга Попевска" се бришат.

**III.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот суд Скопје II – Скопје за 2019 година, 02.Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, во Дел трети „Судски оддели", во поддел I. „Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови", во точка 6 став 1 и 2, зборовите „Бесник Авдија" се менуваат и гласат „Антоанета Димовска".

**IV.** Овој распоред влегува во сила и ќе се применува од денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-383/1 од 28.02.2019 година, се констатира престанок на судиската функција на судија Олга Попевска поради навршени 64 години.

Со оглед на ова, следуваше Претседателот на судот да го донесе овој Годишен распоред за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судот за 2019 година.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ILIR SULEJMANI**